Влада на Република Северна Македонија

НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ООН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ*

## за Акцискиот план за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост за 2022 година

Скопје, 2023 година

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ААВМУ** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиуми |
| **АВРСМ** | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| **АП** | Акциски план |
| **БРО** | Биро за развој на образованието |
| **ГИЗ** | Германско друштво за меѓународна соработка |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **ЕПТИСА** | Меѓународна консалтинг компанија |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош |
| **ИППГ** | Интерпартиска парламентарна група |
| **ИФЕС** | Меѓународна Фондација за изборни системи |
| **ЈЗУ** | Јавна здравствена установа |
| КПЛП | Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост |
| **КСЗД** | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| **МЗ** | Министерство за здравство |
| **МК** | Министерство за култура |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МЛС** | Министерство за локална самоуправа |
| **МНР** | Министерство за надворешни работи |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МТВ** | Министерство за транспорт и врски |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| НКТ **за имплементација на** КПЛП | Национално координативно тело за имплементација на КПЛП |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **ОЛП** | Организации на лица со попреченост |
| **ОДИХР** | Организација за демократски институции и човекови права |
| **ОН** | Обединети Нации |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **УНИЦЕФ** | Фонд за деца при ОН |
| **УНДП** | Програма за развој на ОН |
| **УНФПА** | Фонд за население при ОН |
| **УНВОМЕН** | Ентитет на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените |
| **ФЗОРСМ** | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |

СОДРЖИНА


1. Вовед
2. Реализирани активности на НКТ за имплементација на КПЛП
3. Реализирани активности на Министерство за труд и социјална политика
4. Реализирани активности на Министерство за здравство
5. Реализирани активности на Министерство за образование и наука
6. Реализирани активности на Министерство за информатичко општество и администрација
7. Реализирани активности на Министерство за култура
8. Реализирани активности на Министерство за правда
9. Реализирани активности на Министерство за локална самоуправа
10. Реализирани активности на Министерство за надворешни работи

# НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ООН ЗА ПРАВАТА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

## 1. ВОВЕД

Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост при Владата на Република Северна Македонија (во понатамошен текст: НКТ) е формирано со Одлука на Владата[1] во април 2018 година. Националното координативно тело е составено од 14 членови и нивни заменици, и тоа по двајца претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министерствата[2] и организациите на лица со попреченост, исто така назначени на седница на Влада. Одлуката за формирање, како и Решението за назначување на претседавач, членови и заменици членови на НКТ се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија[3]. Во декември 2022 година се донесе ново Решение за назначување на претседавач, членови и заменици членови на НКТ[4] поради промената на поголем број на членови и/или заменици членови од министерствата.

Согласно Деловникот за работа на НКТ, како и согласно член 33 од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, НКТ претставува национален механизам за координација на спроведувањето на мерките од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Освен неговата основна улога за координација на институциите во процесот на спроведувањето, НКТ предлага и доставува мислења за законски и подзаконски акти во склад со начелата на Конвенцијата. Со својот делокруг на делување, телото директно придонесува за унапредување на човековите права и основни слободи на лицата со попреченост.

Извештајот за 2022 година се состои од извештај за реализираните активности на Националното координативно тело, како и извештај за реализираните активности на 11-те министерствата, претставени во НКТ. Активностите по кои се известува во овој документ, всушност се препораките содржани во заклучните согледувања од страна на Комитетот за правата на лицата со попреченост при Обединетите нации од 2018 година преточени во акциски планови за секоја година, како и извештај за активностите кои произлегуваат од програмите на самите ресорни министерства.

---

[1] Сл. весник бр. 69 од 19.04.2018 година; Сл. весник бр. 75 од 10.04.2019 година

2 Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за култура, Министерство за финансии, Министерство за правда, Министерство за локална самоуправа, Министерство за транспорт и врски, Министерство за надворешни работи, Секретаријат за европски прашања

3 Сл. весник бр. 106 од 07.06 2018 година; Сл. весник бр.36 од 12.02.2021 весник

[4] Сл. весник бр. 260 од 02.12.2022 година

## 2. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА НКТ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КПЛП

Во текот на 2022 година, НКТ одржа 10 редовни седници со членовите. При реализацијата на активностите од Акцискиот план за 2022 година активно соработуваше со сите засегнати страни, надлежните институции, организациите на лицата со попреченост, меѓународните организации, со цел успешна имплементација на мерките од Конвенцијата на ООН.

Паралелно, НКТ реализираше и дополнителни активности во делот на законската регулатива со доставување на мислење за законски и подзаконски акти во склад со начелата на Конвенцијата, како и иницирање на акции за зајакнување на правата на лицата со попреченост.

Најзначајна активност и ангажман на НКТ во текот на 2022 година беше **започнување со изработка на новата Стратегија за правата на лицата со попреченост (2023-2030)**.

Во октомври 2021 година НКТ поднесе иницијатива за подготовка на Национална стратегија за правата на лицата со попреченост, што резултираше со вклучување на овој документ во Годишната програма на Министерството за труд и социјална политика за 2022 година, како и во Годишната програма за работа на Владата.

Согласно Програмата за работа на Владата за 2022 година, Министерството за труд и социјална политика е носител на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост, а НКТ како иницијатор на процесот, е тело задолжено за ангажирање и координација на релевантните министерства, организациите на лицата со попреченост, академската заедница и други актери во текот на целиот процес.

Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) е партнер на овој процес, кој финансиски, технички и логистички ги покрива сите фази од изработката на овој мултисекторски стратешки документ. Агенциите на ОН во земјата дадоа силна поддршка со нивното искуство и експертиза.

За подготовка на стратегијата беше формирана Работна оперативна група со улога да го води и надгледува процесот на подготовка и постигнатите резултати во различни фази и нивоа во текот на целиот процес, како и да дава насоки и совети за конкретни чекори и мерки што треба да се преземат. Работната оперативна група е составена од претставници на МТСП, НКТ, МОН, МЗ и ГС, додека зависно од потребите во работата се вклучуваат претставници на ГИЗ и агенциите на ОН. Со Работната оперативна група претседаваат МТСП и НКТ со оглед на сложеноста и сеопфатниот карактер на Националната стратегија.

Процесот на изработката на стратегијата започна од ноември 2021 година кога НКТ го направи првичниот контакт со ГИЗ со поставување на улогите на различните вклучени страни. Во текот на 2022 година се изработи Анализа на состојбата со правата на лицата со попреченост, се поставија приоритетните области, општите и посебните

цели и мерки, а до април 2023 година ќе се продолжи со подготовка на Акцискиот план за периодот 2023-2026.

Процесот на подготовка на овој значаен мултисекторски документ го следи Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии[5].

Методологијата за подготовка на стратегијата ги вклучи следните чекори:

- Консултации со сите агенции на ООН присутни во земјата, коишто изразија силна поддршка и интерес за вклучување во процесот на подготовка на стратегијата.
- Воведна дводневна работилница (28-29.06.2022) за сензибилизација на различните засегнати страни за принципите на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост и моделот за човекови права, како и разработка на предлог приоритетни области.
- Работилници со локални заедници во Струмица и Неготино.
- Две дводневни национални работилници за подготовка на стратегијата (27-28.09.2022 и 04-05.10.2022), за подготовка на стратешката рамка.
- 24 тематски работилници (во октомври 2022) за прибирање идеи од сите релевантни чинители (над 2016 учесници) по приоритетни области. На работните средби им претходеше јавен повик за вклучување на сите заинтересирани, но и можност за пишан придонес.
- Серија консултативни состаноци и работилници со НКТ и Работната оперативна група за подготовка на стратегијата (ноември 2022).
- Е-маил размена со релевантните министерства и институции за дополнување и верификација на стратешката рамка на стратегијата (ноември 2022).
- Работилница за валидација на нацрт-стратегијата.
- Промовирање на стратешката рамка за стратегијата по повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост.

НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образовани и наука и Министерството за здравство, а со поддршка на УНИЦЕФ и во 2022 година ја имплементираа **реформата за функционална проценка на деца и млади со попреченост согласно МКФ**, наспроти досегашните медицински категоризации. Со оваа реформа, децата и младите со попреченост на едно место ги добиваат информациите за правата кои им следуваат и врз основа на проценката на потребите добиваат препораки за поддршка.

За потребите на новиот модел, направени се обемни измени на законската рамка, како Законот за социјална и детска заштита, Законот за основно образование, Законот за здравствена заштита, со што системски се уреди ова прашање. Со измените и

[5] Сл. весник на РСМ, бр. 122 од 30.05.2022 година

дополнувањата на Законот за здравствено осигурување, средствата за ослободување на осигуреникот од партиципација за функционална проценка ги надоместува Фондот за здравствено осигурување односно децата и младите не плаќаат за извршената проценка, што не беше случај до сега.

Новиот модел предвидува отворање на девет (9) регионални стручни тела за функционална проценка, и тоа во: Битола, Охрид, Гостивар, Велес, Куманово, Штип, Струмица и две во Скопје, кои ќе ги покриваат статистичките плански региони, и едно Национално тело за координација и супервизија на сите регионални тела. Заклучно со декември 2022 година, отворени се две регионални тела во Скопје, по едно во Струмица, Гостивар и Битола. Исто така, завршени се обуките за членовите во регионалните тела во Охрид, Куманово, Велес и Штип. Обезбедени се простории за функционирање на телата во сите посочени места, но останува предизвикот со преземање на лица од институции кои ќе бидат дел од стручните тимови или добивање согласности за нови вработувања.

И во текот на 2022 година се работеше на новиот Правилник за функционална проценка согласно МКФ. Во декември 2022 година се одвиваа финалните усогласувања помеѓу сите засегнати чинители во процесот. Во првата половна од месец **јануари 2023 година се потпиша новиот Правилник за функционална проценка**[6], кој се подготвуваше изминатите три години. Истиот е во согласност со Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ) одобрена од страна на Светската здравствена организација во 2001 година и со него се доуредува начинот на функционирање на стручните тела за проценка, начинот на вршење на проценката, но и начинот на остварување на дополнителната поддршка од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и заштитата на децата.

Врз основа на член 43 од Законот за високото образование, Владата[7] донесе **Уредба за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање**. Со оваа Уредба лицата со попреченост запишани на студии на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот, се ослободени од партиципација за студирање. Предлог Уредбата беше поднесена од страна на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, а НКТ преку свои механизми даде значаен придонес во подобрување на содржината со цел усогласување со начелата од Конвенцијата.

Во Владата на Република Северна Македонија, НКТ во соработка со Националниот совет на инвалидски организации на Македонија и ГИЗ, организираше настан за одбележување на 3ти Декември Меѓународниот ден на лицата со попреченост. На настанот свое обраќање имаше претседателот на Владата, министерката за труд и социјална политика, министерот за здравство, постојаниот координатор на ООН во

---

6 Службен весник на РСМ, бр. 9 од 17.1.2023 година

[7] На седница одржана на 8 март 2022 година.

земјата, директорот на  Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) и претседателот на Националниот Совет на инвалидски организации.

Главен дел на настанот беше презентација на главните приоритети на предлог Националната стратегија за правата на лицата со попреченост за периодот 2023-2030 година. На овој настан присуствуваа претставници на организациите на лицата со попреченост, институции, членовите на НКТ, претставници од агенциите на ООН, народен правобранител, и др.

Континуирано во текот на годината, НКТ остваруваше средби со министерката за труд и социјална политика, министерот за здравство, министерот за образование и наука, министерката за култура, Генералниот секретар на Владата, на кои се разговараше за поддршка на новите законски решенија и реформите кои се спроведуваат за лицата со попреченост.

Истовремено, НКТ редовно соработуваше и со граѓанските организации на лицата со попреченост. На средбите беа дискутирани потребите на нивните членови, после што се идентификуваа механизми за реализација на посочените потреби.

Во текот на 2022 година, НКТ активно соработуваше со агенциите на ООН и беше вклучено во имплементација на програмата „Од знаење и ангажман - до зајакнување и учество“ (“From Knowledge and Engagement - to Empowerment and Participation”), која е финансирана од страна на Мулти-партнерскиот фонд на Партнерството на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост (УНПРПД МПТФ). Програмата ќе се спроведува во период од 24 месеци со буџет од 300.000 УСД, кој целосно го покрива УНПРПД МПТФ.

Членови од Националното координативно тело дадоа пишан придонес за подготовка на осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 28 април 2022 година, како и за подготовка на придонесот на Република Северна Македонија кон годишниот Извештај на Европската комисија за 2021 година.

Исто така, членови на НКТ беа номинирани во работна група за Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права од Кластер 1- Фундаментални вредности, во рамки на билатералниот состанок за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, кој се одржа на 01 и 02 декември 2022 година во Брисел.

Сепак и покрај сите реализирани активности, предизвикот на НКТ во однос на **поставувањето на стабилна институционална основа која ќе овозможи соодветно функционирање**, остана и во 2022 година. Не се обезбеди Секретаријат на телото со соодветна структура (технички и човечки ресурси), како и финансиски алокации од Буџетот, со оглед на сеопфатноста и потребата од поцелисходна активност и координација на национално и локално ниво и промоција на прашањето на попреченост од аспект на човековите права.

Дополнителен предизвик при спроведувањето на активностите на НКТ, како и на активностите од страна на министерствата секако е прашањето на финансиите. **Во нашата држава се уште не се применува пристапот на буџетирање по основ на попреченост.** Тоа само по себе го ограничи и спроведувањето на конкретните активности во Акцискиот план за 2022 година.

Во однос на обезбедување на отчетност и транспарентност во својата работа, НКТ за своите активности и настани медиумски редовно известува преку службата на Владата, односно преку интернет страницата на Владата https://vlada.mk/KoordinativnoTelo/PravaNaLicaSoPoprechenost.

Тука може да се следат различни настани на НКТ, но и да се преземат различни документи од област на релевантна законска рамка, меѓународни конвенции и договори и извештаи.

## 3. Реализирани активности на Министерството за труд и социјална политика

| КПЛП | ПРЕПОРАКА ОД КОМИТЕТОТ НА ООН | АКТИВНОСТИ | ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ | СОРАБОТНИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Член 6.в | Да се обезбеди метод за проценка на попреченост кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права | - Усвојување на новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка<br>- Отстапување на простории за потребите на регионалните стручни тела во Скопје и Битола | - Новиот Правилник за функционална проценка е донесен и објавен во Службен весник на РСМ на 17 јануари 2023 година, со што се заокружени сите легислативни измени за имплементација на новиот модел.<br>- Од предвидени девет стручни тела за функционална проценка, во 2022 г оперативни се во Скопје, Струмица, Куманово, Гостивар и Битола.  Во останатите градови постапката е во тек.<br>- Во постапка е обезбедување на соодветна документација на установите за социјална заштита, чии простории треба да бидат дадени на користење на ЈУ | МТСП, МОН, МЗ | УНИЦЕФ |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Здравствен дом Скопје за потребите на МКФ | | |
| Член 32.а | Да обезбедат соодветни човечки, финансиски и технички ресурси за целосна имплементација на деинституционализацијата, особено за имплементација на транзицијата кон услови за независно живеење | - Развојна социјални услуги во заедницата<br>- Поддршка за трансформација на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје<br>- Воспоставување Национален регистар на лица со попреченост | - Во следниот период планирано е отворање на три нови станбени единици во Скопје во рамки на Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и млади, за што покрај финансиските средства, одобрени се и 10 вработување на негователи.<br>- Дополнително, во завршна административна фаза е лиценцирањето на уште две станбени единици во Скопје кај лиценциран приватен давател на услуга живеење со поддршка. До крај на март ќе има вкупно 53 станбени единици за живеење со поддршка за деца и лица со попреченост.<br>- До декември 2022 година има 70 лиценцирани даватели на социјални услуги во земјата | МТСП | Делегација на ЕУ Светска Банка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Во тек е реализација на проект подржан од Светска Банка кој има направено дизајн за воспоставување на национален регистар на лица со попреченост | | |
| Член 32.б<br><br>Член 14.ѓ | Да осигура дека услугите во заедницата се достапни, пристапни, по пристапни цени, приспособени и со квалитет, со цел да овозможи лицата со попреченост да го практикуваат своето право да живеат независно и да бидат вклучени во заедницата<br><br>Да обезбеди континуирана поддршка за детето од рана помош до независно живеење | - Отворање на дневни центри за рехабилитација и ресоцијализација на лица со попреченост, воспоставување на услугата помош и нега во домот, поголем опфат на услугата лична асистенција<br>- Поддршка на модернизација и деинституционализација на социјални услуги<br>- Воспоставување на услугата одмена на семејна грижа<br>- Изградба на нови детски градинки/центри за ран детски развој, проширување на постоечки капацитети за детски градинки и центри за ран детски развој за воспоставување на услуги за ран детски развој за деца | - Доделени се финансиски средства во форма на грантови на 12 општини наменети за развој на социјални услуги со кои се одговара на потребите на ранливите категории граѓани во своите општини<br>- Јавната установа Завод за рехабилитација на деца и младинци во Скопје ќе биде целосно реконструирана со поддршка на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, и ќе прерасне во Центар за социјална услуги , каде покрај постоечкото услуги, предвидени се и палета на здравствени, социјални и рехабилитациски услуги.<br>- Изготвени се проектите за реконструкција, завршена е | МТСП | Светска банка ЕУД |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | во социјален ризик, деца со посебни потреби и деца од ромски семејства | постапката за јавна набавка на фирма за изведба на градежните активности.Реконструкцијата започнува во Март 2023година. За оваа намена обезбедени средства од 1,7 милиони евра од ИПА 2019 - ЕУ.<br>- Специјалниот завод Демир Капија е има адаптирани простории со намена за испорака на услугата за центар за одмена на семејна грижа<br>- Усвоена е измена и дополнување на Одлуката за цената на социјалните услуги за 2023 година, каде е определена цена за час индивидуален и цена за дневен третман за дете со попреченост од стручен работник во лиценцираните Дневни центри, односно 997 денари за индивидуален третман и 1.185 денари дневно по | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | корисник, платени преку Центрите за социјална работа. Во тек е лиценцирање на неколку вакви даватели на индивидуални третмани и отворање на нов ваков центар развиен преку проект на МТСП.<br>- Висината на правото за посебен додаток во 2022 година се покачи за 15 %<br>- Преку Законот за финансиска поддршка на ранливи категории на граѓани за децата и лицата со попреченост обезбедена е финансиска поддршка во висина од 3000 денари за период од 4 месеци<br>- Во јануари 2023 година сите права за попреченост, правото за посебен додаток и правото за помош и нега од друго лице се покачуваат | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | за 14,2 % согласно порастот на трошоците за живот<br>- Висината на цените на сите социјални услуги кои се исплаќаат преку Центрите за социјална работа се покачени за 13% | | |
| Член 27, став 46 алинеја а и б | Поддршка на вработувањето на лицата со попреченост | - Спроведување на постоечки и дизајнирање на нови мерки за вклучување на лицата со попреченост на пазарот на труд<br>- Се планираат измени во Законот за вработување на лица со попреченост, во насока на олеснување на влезот на лицата со попреченост на отворениот пазар на труд и во јавната администрација преку квотен систем | - Во рамките на проект поддржан од Светска банка подготвен е нов предлог Закон за вработување на лица со попреченост со предлог сценарија и подготвени се предлози на подзаконските акти | АВРСМ, МТСП | Светска Банка |

## 4. Реализирани активности на Министерството за здравство

| КПЛП | ПРЕПОРАКА ОД КОМИТЕТОТ НА ООН | АКТИВНОСТИ | ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦ | СОРАБОТНИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Член 6.в | Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права | - Усвојување на новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка и други соодветни општи акти на ЈЗУ-ви | - Усвоен е новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка и други соодветни општи акти на ЈЗУ-ви<br>- Во редовна функција се Националното стручно тело за координација и 6 регионални стручни тела (две во Скопје, по едно во Битола, Гостивар, и Струмица и Куманово), привршуваат подготовките за започнување со работа во Штип, Охрид, Велес. | МЗ, МТСП | Здравствен дом- Скопје, Општините, УНИЦЕФ |
| Член 45.б | Да ги отстрани ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација, како и секакви исклучоци во Законот за здравствено осигурување кој ги дискриминира лица со | - Анализа за законските и финансиските можности за отстранување на ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација:<br>o ослободување од партиципација | - Работната група има подготвено нацрт - Закон за измена и дополнување на ЗЗО за ослободување од партиципација лицата со попреченост над 26 годишна возраст. Материјалот е поставен на Енер за јавно разгледување, пред да се | МЗ, ФЗОРСМ | Граѓански организации |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | попреченост односно ги занемаруваат нивните посебности. | (примарно и секундарно здравство);<br>o болничко лекување (вклучувајќи ги придружниците – родители, старатели и сл.);<br>o лична мобилност, ортопедски помагала | доставои во владина постапка. | | |
| Член 45.в | Да усвои план за обуки на здравствените работници за правата на лица со попреченост, пристапот кон попреченост базиран на човековите права. | - Обуки за здравствени работници за:<br>o рана идентификација и интервенција<br>o родово-базирано насилство<br>o постапување со жртви на насилство<br>o дополнителни модули за човекови права, социјален модел, попреченост, разумно приспособување, КПЛП и слични концепти<br>o да се подобри координацијата во | - 4 регионални обуки за 79 професионалци (секоја по 30 часа теоретска и 10 часа практична) за примена на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ) при вршење функционални проценки на деца и млади. Спроведена е менторската обука за избрани 16 професионалци од Источниот, Североисточниот, Југозападниот и Вардарскиот плански регион. Менторството во секој плански регион се одвиваше по 28 денови. | МЗ | Агенциите на ОН (УНФПА, УНИЦЕФ, УНДП и др.), Центар за семејна медицина при -Медицински факултет Скопје, -Х.Е.Р.А. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | спроведувањето на обуките | - Одржани се 20 онлајн работилници за промоција на новиот модел за функционални проценки на деца и млади со учество на 301 лице од наведените плански региони (родители, наставници и инклузивни тимови од основните училишта, воспитувачи од градинките и професионалци од Центрите за социјална работа од истите плански региони.<br>- 171 обучени лица за услуги на лица со попреченост (алцхајмер и мултиплекс) и палијативна нега од нив 150 се вработени во сервиси кои испорачуваат услуги во домот. | | |
| Член 45.д | Да се преземат мерки за да се обезбеди достапност и пристапност до здравствените установи и здравствените услуги, со отстранување на физичките препреки до | - Обезбедување пристапност на здравствените установи и услуги<br>- Правилник за здравствени установи – да се усвои (и да се усогласи)<br>- Пристапни веб-страници на МЗ и на ФЗО | - Постојана обврска на Проектната единица за изградба и реконструкција на ЈЗУ-ви во државата да при секоја интервенција е да врши проверка и надзор над исполнувањето на условите | МЗ (Проектна единица за реконструкција и доградба на објектите на здравствени установи) | Центар за семејна медицина при Медицински факултет Скопје, -Х.Е.Р.А., |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | здравствените установи како и да се обезбедат информации во пристапни формати за лицата со попреченост. | - Инфо-табли на Браево писмо за упатување/насоки во здравствените установи<br>- Ангажман на барем еден преведувач на знаковен јазик на Клинички центар | - Со времен договор три месеци беа ангажирани двајца преведувачи на знаковен јазик на УК во Скопје, бидејќи договорот е истечен неопходно е обновување на договорот за 2023 година | ФЗОРСМ | ЈЗУ-ви |
| Член 45.е | Мерки и активности за подобрување на здравствената грижа за децата со попреченост во услови на незадоволителен пристап до здравствена заштита и недостаток на специјализирани здравствени услуги за децата со попреченост. | - Изработка на Национална Ситуациона Анализа на центрите и давателите на услуги за рана детска интервенција со поддршка на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Северна Македонија<br>- Подготовка за отворање на Центри за рана интервенција за деца со развојни потешкотии и поддршка на нивните семејствата (најмалку по еден Центар во секој статистички плански регион во РСМ) | - Изработена е Национална ситуациона анализа на состојбата со раната интервенција во детството во Република Северна Македонија во 2022<br>- Подготвителни активности за изработка на модули за обука на професионалци кои што ќе ја спроведуваат раната интервенција | МЗ,<br>МТСП | Агенциите на ОН (УНИЦЕФ, УНФПА,УНДП и др.),<br><br>Граѓански организации |

## 5. Реализирани активности на Министерството за образование и наука

| КПЛП | ПРЕПОРАКА ОД КОМИТЕТОТ НА ООН | АКТИВНОСТИ | ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ | СОРАБОТНИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Член 6.в | Да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права | - Имплементација на новиот модел за функционална проценка на деца и млади, базиран на Меѓународната класификација на функционирање | - Врз основа на функционалната проценка според МКФ и наодот и мислењето и препораките од стручните тела, учениците со попреченост добиваат образовна асистенција во основните училишта и во учебната 2022/23.<br>- Образовните асистенти се обезбедуваат од страна на Ресурсните центри. | МОН,<br>МТСП,<br>МЗ | Стручни тела за функционал на проценка |
| Член 43.б | Да донесе план за транзиција за да се обезбеди инклузивно образование на сите нивоа, вклучително и во високообразовните институции за лицата со попреченост | - Континуирано обезбедување на образовни асистенти на учениците со попреченост, согласно МКФ стручните тела<br>- Да се донесе нов Закон за средно образование во кој ќе се дефинира инклузијата и во средните училишта<br>- Обезбедување бесплатно високо образование за лицата со попреченост | - Во учебната 2022/23 ангажирани се вкупно 720 образовни асистенти во основните училишта, а се обезбедени врз основа на функционална проценка<br>- Изготвена е драфт верзија на новиот Закон за средно образование и е презентиран пред директорите од средните училишта. Наскоро ќе биде | МОН | УНДП,<br><br>Државните универзитет и во Република Северна Македонија<br><br>ОЛП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | објавен на ЕНЕР за јавна дебата<br>- Врз основа на член 43 од Законот за високото образование Владата на Република Северна Македонија, на седница одржана на 08 март 2022 година, донесе Уредба за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање. Со оваа уредба лицата со попреченост запишани на студии на јавните високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, се ослободени од партиципација за студирање. Предлог Уредбата беше поднесена од страна на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност. | | |
| Член 43.г | Да обезбеди универзална пристапност до | - Подобрување на надворешната и | - Во рамките на ИПА 2 проектот „EU for inclusion“ | МОН | ИПА проекти, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | образовните простории, вклучувајќи ги и универзитетите | внатрешната пристапност, вклучително и адаптирани тоалети, во училиштата и на универзитетите | се подобри пристапноста на основни и средни училишта во делот на пристапни рампи и/или тоалети:<br>- ООУ „Братство-Единство“ – Дебар<br>- ООУ „Лириа“ – Тетово<br>- Основни училишта „Браќа Миладиновци“ и „Крсте Мисирков“ – Куманово<br>- ООУ „Бајрам Шабани“ – Куманово<br>- Основни училишта во Скопје: „Кузман Јосифовски – Питу“ и „Лазо Ангеловски“<br>- Средно училиште „Раде Јовчевски – Корчагин“ – Скопје<br>- Средно стручно училиште „Наце Буѓони“ – Куманово<br>- Средно стручно училиште „Ѓорче Стојчески“ – Тетово<br>- Средно стручно училиште „Наум Охридски“ – Охрид<br>- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје: Архитектонски и Градежен факултет, Правен | | ОЛП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | факултет, Економски факултет, Факултет за филозофија, Факултет за психологија.<br>- Младински културен центар – Скопје | | |
| Член 43.в | Да обезбеди соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата, особено на учениците со интелектуална попреченост или учениците со психосоцијална попреченост и девојчиња со попреченост | - Континуирани обуки за наставниците за инклузивно образование и работа со ученици со попреченост<br>- Обуки за инклузивно образование на наставниот, стручниот и раководниот кадар во Регионалните центри за стручно образование и обука како и на Секторот за средно образование и Државниот просветен инспекторат<br>- Зајакнување на системот за инклузивно образование преку професионален развој на наставниците во согласност со концепцијата за инклузивно образование | - Во месец декември 2022 од страна на БРО, а со поддршка на УНИЦЕФ е реализирана онлајн обука за училишните инклузивни тимови во два модули на теми Индивидуален образовен план и модифицирана програма во сите основни училишта.<br>- Од 14-16 ноември 2022 г, реализирани се обуки за обучувачи (ToT) за инклузивните тимови во Регионалните центри за стручно образование и<br>- Реализирана втора обука на тема Инклузија за вработените во Секторот за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење (16-20.05.2022) | МОН,<br>БРО | УНИЦЕФ,<br>УНДП,<br>Светска Банка,<br>ИПА проект,<br>ОЛП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | - Реализирана обука за вработените во државниот просветен инспекторат (ДПИ) (03.06.2022)<br>- Во каталогот на БРО за акредитирани обуки наменети за професионален развој на наставниците, постои избор на обуки на теми поврзани со инклузивното образование кои наставниците и стручните соработници имаат можност да ги изберат | | |
| | Обезбедување на достапност и пристапност на образовните содржини | - Поддршка на студентите со попреченост: обезбедување знаковни преведувачи, придружници, пристап до електронска верзија на учебниците | - Учебниците за 1во и 4-то одделение отпечатени се на Браево писмо за учениците на кои им се потребни, адаптирани се и во аудио формат, а развиен е и аудио читач кој може да ги чита наставните материјали на македонски и на албански јазик | МОН | УНИЦЕФ, УНДП |
| | Психосоцијална поддршка на лицата со попреченост во услови на Ковид пандемија | - Екипирање на стручните служби во училиштата за основно и средно образование со тимови од | - Во основното образование секоја година во текот на одобрување на согласности за новото финансирање се | МОН | Сојуз на специјални едукатори и рехабилитат |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | најмалку тројца соработници (педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор)<br>- Поддршка во учењето на лицата со попреченост преку онлајн алатки и платформи | води сметка да се обезбеди согласност за вработување на стручен соработник во оние училишта каде потребата е најголема | | ори на Република Северна Македонија |

## 6. Реализирани активности на Министерството за информатичко општество и администрација

| КПЛП | ПРЕПОРАКА ОД КОМИТЕТОТ НА ООН | АКТИВНОСТИ | ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ | СОРАБОТНИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Член 18.в | Да осигура дека пристапот до информациските и комуникациските технологии и системи и другите објекти и услуги отворени за јавноста и јавните институции и услуги е достапен на целата територија на државата – членка | - Адаптација на веб страните со примена на стандардите за пристапност Web Content Accessibility Guidelines (WCAG) за сите владини институции и агенции | - Адаптацијата на страните на МВР, МИОА, МНР, МЕ и МЗ е веќе реализирана<br>- Се очекува процесот да биде реализиран до март 2023 за сите министерства и за Владата | МИОА | НКТ |
| Член 36.а | Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се транспонираат одредбите за обезбедување достапност до програмите/услугите на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги за лицата со попреченост од Директивата на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги (чл. 7) како и нејзино доусогласување со КПЛП | - Изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и негово усогласување со одредбите од КПЛП | - Во септември 2022 година, започна реализацијата на Проектот на ЕУ за транспонирање на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги<br>- Подготвени се Inception Report и ГАП анализа.<br>- Формирана е работна група во МИОА за следење, соработка и | МИОА, ААВМУ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | известување за спроведување на ИПА договорот.<br>- TAIEX експерти ќе подготват драфт верзија за измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,<br>- Работната група во МИОА се предвидува во март 2023 година, да изготви Предлог Закон за изменување и дополнување Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во насока на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во областа на аудиовизуелните медиумски услуги, односно со Директивата на ЕУ | | |
| Член 36.а | Да продолжат активностите за подигање на свеста за правата на лицата со попреченост | - Сензибилизација и едукација на радиодифузерите и на давателите на аудиовизуелни медиумски | - Од 25 октомври до 1 ноември 2022, под мотото „Размислувај критички, состави ја целата приказна“, во | ААВМУ, МИОА, МТСП | ОЛП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | услуги по барање за правата и потребите на лицата со попреченост во медиумскиот простор (за основните концепти и стандарди предвидени со КПЛП, како и за користење наратив во согласност со КПЛП и сл.)<br>- Ангажирање на знаковни преведувачи и користење на другите алатки за обезбедување пристапност (затворени текстуални објаснувања, отворени текстуални објаснувања, титлови, тонски описи итн.) | организација на Агенцијата и на Мрежата за медиумска писменост, по четврти пат се одржаа Деновите на медиумска писменост 2022.<br>- Оваа година за прв пат беше вклучена филмска програма, поделена во два дела. Едниот дел од програмата беше наменет за лица со попреченост, кои со претходна резервација на билети, бесплатно можеа да следат филмови од редовниот репертоар на кината Милениум и Синеплекс и во Кинотека на РСМ. Вториот дел од програмата вклучуваше бесплатно прикажување на тематски филмови наменети за деца од основни училишта од 6-то до 9-то одделение, проследени со работилници со детски психолози кои посебно се специјализирани за | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | работа на некоја од темите, како темата на филмот „Брат ми брка диносауруси“ за живот на лице со Даунов синдром.<br>- Во рамките на Деновите на медиумска писменост 2022, на 28 октомври 2022, АВМУ организираше работилница насловена „Неодложна-пристапност“, посветена на медиумските потреби на лицата со попреченост. Работилницата имаше за цел да им помогне на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање полесно да се справат со обврските од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, согласно која ќе треба да ги направат своите програми достапни за лицата со попреченост.<br>- Посебни настани во рамките на деновите на | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | МП 2022, посветени на за подигање на свеста за правата на лицата со попреченост имаа членките на мрежата: Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, комисијата за жалби на СЕММ, радио МОФ, ИКС, ИРЕКС, Проект на УСАИД за медиумска писменост – Младите размислуваат,<br>- Во насока на подигања на свеста за правата на лицата со попреченост учестваа и вработени во АВМУ на неколку радио и телевизиски програми организирани на таа тема (дебата во  живо на МРТ1 посветена на медиумската писменост и во емисијата „Јас сум Цако“ на Радио МОФ) | | |

## 7. Реализирани активности на Министерството за култура

| КПЛП | ПРЕПОРАКА ОД КОМИТЕТОТ НА ООН | АКТИВНОСТИ | ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ | СОРАБОТНИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Член 55 | Да се ратификува Договорот од Маракеш за олеснување на пристапот до објавени дела за лица кои се слепи, лица со оштетен вид и лица на друг начин попречени да користат печатени материјал | - Измени и дополнувања на Законот за авторското право и сродните права, со цел правна основа за ратификација на Договорот од Маракеш<br>- Покренување на иницијатива за ратификација на Договорот од Маракеш | - Во септември 2022 година повторно до Владата е доставен Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права. Претходно доставениот Предлог на законот во декември 2021 година беше усвоен на Сто триесет и втората седница одржана на 11 јануари 2022 година, но со заклучок на Владата во февруари 2022 година беше повлечен. Министерството за култура беше задолжено да одржи дополнителна јавна расправа, по текстот на предлогот.<br>- На 28 март 2022 година беше организирана нова јавна расправа на која | МК,<br>НКТ за спроведување на КПЛП,<br>МНР | Сојуз на слепи и слабовиди лица |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | учествуваа и лица со оштетен вид .<br>- Во однос на препораката да се ратификува Договорот од Маракеш Министерството за култура до Владата на Република Северна Македонија достави Информација со Иницијатива во која укажа на потребата од ратификација на Договорот од Маракеш. Воедно, Министерството за култура достави Иницијатива за донесување Закон за ратификација на Договорот од Маракеш со Предлог закон до Министерството за надворешни работи, како надлежен државен орган за подготовка на предлог | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | закони за ратификација на меѓународни договори. | | |
| Член 55 | Да преземе чекори да го поддржи и охрабри учеството на лицата со попреченост, вклучувајќи ги и децата, во културни активности | - Финансиска поддршка на проекти поднесени од организации на лица со попреченост во рамките на годишните конкурси за финансирање проекти и манифестации од национален интерес во културата | - Во годишната програма за 2022 година од страна на здруженија на граѓани и физички лица кои имаат активности за лица со попреченост беа реализирани вкупно 28 проекти и тоа од сферата на интердисциплинарна дејност, меѓународна, музејска и нематеријално културно наследство, издавачка , ликовна како и од заштита на недвижно културно наследство и аудиовизуелни добра со вкупен буџет од 4,965,515 ден.<br>- Од страна на Националните установи од културата беа реализирани вкупно 22 проекти за лицата со попреченост со вкупен буџет од 1,213,050 ден. | МК | Национални културни установи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Член 27, член 29, член 3 | Да преземе чекори  за активно вклучување на лицата со попреченост во националните културни институции | - Вработување лица со попреченост во националните културни институции | - Во 2022 година, НУБ Битола ангажираше едно лице со попреченост со договор на дело. | МК | Национални културни установи |
| Член 9, член 3, член 21 | Обезбедување на пристапност на објектите и информациите на МК | - Покренување на иницијативи за обезбедување на пристапност на објектите под МК и обезбедување на пристапни и достапни информации од страна на МК | - Во Инвестициони работи за 2022 година во НУ Музеј на современата уметност е реализиран проект Санација на партер и пристапни скали со вкупен буџет од 138,768,00 ден. | МК | ОЛП |

## 8. Реализирани активности на Министерството за правда

| КПЛП | ПРЕПОРАКА ОД КОМИТЕТОТ НА ООН | АКТИВНОСТ | ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ |
|---|---|---|---|---|
| Член 5 | Воведување на мерки да се обезбеди оштета, вклучувајќи надомест, за лица кои се соочиле со дискриминација поради попреченост и санкционирање на сторителите | Усогласување на домашното законодавство со меѓународните стандарди за жртвите на кривични дела преку обезбедување на право на материјална и нематеријална штета од државен фонд | - Донесен е Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство<br>- Објавен во Службен весник на Република Северна Македонија” бр:247/22. | МП-МФ, НКТ, |
| Член 29, став 50, алинеја а | Да ги разгледа своите закони за избори со цел да се отстранат предусловите кои ги оневозможуваат лицата со интелектуална попреченост и/или лица со психо-социјална попреченост да ги практикуваат своите права на глас и да се кандидираат | Направена проценка за потребата од унапредување на изборното законодавство на лицата со посебни потреби согласно Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби (КПЛПП) земајќи го предвид и родот | - Организирани јавни расправи за согледување на потребата од унапредување на изборното законодавството на лицата со попреченост согласно Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.<br>- Извештајот е изработен, се очекува ДИК и ИФЕС да го објават<br>- Со последните измени на Изборниот законик, ДИК доставува барање до Основните судови, со цел | МП, НКТ, ОЛП, УН агенции, ОБСЕ, ИФЕС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | континуирано да прибира податоци за лицата за кои со правосилна судска одлука делумно им е одземена деловната способност при што судот утврдил дека лицето нема способност да изрази правно релевантна волја на избори. | |
| Член 29, став 50, алинеја а | Да усвојат мерки за да се обезбеди пристапност до избирачките места, изборни материјали и информации во пристапни формати за сите лица со попреченост | Покренување на иницијативи за обезбедување на пристапни информации и услуги за лицата со попреченост | - Информациите кои ги обезбедува ДИК се толкувани од страна на знаковни преведувачи.<br>- За време на избори има обезбедено посебна телефонска линија за лица со попреченост.<br>- ДИК има обезбедено опрема за непристапните гласачки места која по потреба се доставува на денот на избори до определено гласачко место за кое се јавила таква потреба.<br>- Како дел од сертифицираните обучувачи, ангажирани се | МП, НКТ, ДИК, ОЛП, УН агенции, ОБСЕ, ИФЕС |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | и лица со попреченост кои ги обучуваат изборните органи за правата на лицата со попреченост.<br>- Воведен е Интерактивен е-курс за инклузија на лицата со попреченост кој е јавно достапен преку веб страната на ДИК | |
| | | Спроведување на проценка на ДИК за нивната сензитивност по прашањето на попреченоста земајќи го во предвид и родот | - Направена е проценка за потребата од унапредување на изборното законодавство на лицата со посебни потреби согласно Конвенцијата за правата на лицата со посебни потреби (КПЛПП) земајќи го предвид и родот. | МП, ДИК, ОДИХР, ИФЕС |
| Член 6, став 12, алинеја б | Да имплементира ефективни законски, политички и практични мерки со цел справување со родово базирано насилство врз жените и девојчињата со попреченост; | Анализирана и ревидирана правна рамка на одредбите од Кривичниот Законик и негово доуредување во согласност со Истанбулската конвенција и другите меѓународните стандарди и ратификуваните конвенции | - Во финална фаза на донесување е Законот за изменување и дополнување на Кривичниот Законик. | МП, судови, јо |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | спречување и водење истрага за кршењето на нивните човекови права и гонење и казнување на одговорните. | | | |
| Член 9, став15, алинеја в | Да осигура дека пристапот до судовите информациските и комуникациските технологии и системи и другите услуги е пристапен и достапен на целата територија на државата | Спроведување на проценка колку од судските згради и информации се пристапни и достапни за заедницата со попреченост | - Направена проценка колку од судските згради и информации се пристапни и достапни за заедницата со попреченост<br>- За реализација на оваа активност се имаше предвид Анализата: “Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Република Северна Македонија”, изготвена од Коалицијата на здруженија “Сите за правично судење | МП, НКТ, Влада |
| | | Покренати иницијативи за обезбедување на пристапност на судиите и обезбедување на пристапни и достапни информации од страна на судовите | - Покренати иницијативи за унапредување на пристапноста до и во судовите како и нивните услуги и информации . | МП, НКТ, Влада |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Заради спроведување на оваа активност, Министерството за правда прати допис бр. 14-2742/1 од 12.10.2022година до основните судови во РСМ. Министерството за правда им препорача на судовите на територија на Република Северна Македонија да преземат соодветни мерки и активности заради унапредување на пристапноста до и во судовите, како и до информациите за лицата со попреченост. | |
| | | Спроведување на проценка на Академијата на судии за нивната сезнитивност по прашањето на попреченоста земаќи го во предвид и родот | - Направена е проценка на Академијата на судии за нивната сензитивност по прашањето на попреченоста земајќи го во предвид и родот. Истата треба да се објави. | Академија на судии<br>ОБСЕ |

## 9. Реализирани активности на Министерството за локална самоуправа

| КПЛП | ПРЕПОРАКА ОД КОМИТЕТОТ НА ООН | АКТИВНОСТИ | ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ | СОРАБОТНИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Член 9, член 21, член 3. Член 2, член 19, член 29 и 27 | Да осигура дека услугите во заедницата се достапни, пристапни, со цел да овозможи лицата со попреченост да го практикуваат своето право да живеат независно и да бидат вклучени во заедницата | - Проекти за подобрување на потребите и проблемите на лица со попреченост во областа на екологијата, невработеноста, коегзистенцијата и сл. | - Проект СВЕТЛИНА ОД МИНАТОТО Виртуелните тури служат како опција за пристап за лицата со попреченост кои инаку не можат да посетат музеи, експонати, археолошки локалитети или други тешко достапни локации поради физички, сензорни или интелектуални бариери. Сите настани се организирани во простории со пристап за лицата со попреченост<br>- Проект SMART_CUL_TOUR<br>Во рамките на проектот, беше поставен лифт и пристапната патека до одредено ниво на висина, со што се овозможи пристап за лицата со попреченост во различни делови во археолошкиот локалитет Хераклеа Линкестис.<br>-Проект Alternative Touristic Experience.<br>Со акроним ALTER TRIP, проектен корисник здружението Мобилност | МЛС | ЗЕЛС, ОЛП<br>ЗЕЛС, ОЛП |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од Битола. Се изработија апликации со аудио објаснување и метални табли на Брајова азбука за десет најзначајни историско културни локации низ Битола. | | |
| Член 20.г | Да усвои национален акциски план за имплементирање на стандардите на пристапност во блиска консултација со организациите за лица со попреченост, со јасно дефинирани временски рамки и одредници за следење и евалуација | - Имплементација на Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, во кој е предвидено подобрување на физичката пристапност во сите јавни институции | Информациите во однос на Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација ќе бидат дополнително обезбедени, кога МЛС ќе го подготви годишниот извештај во однос на посочениот план. | МЛС<br><br>МТСП | ЗЕЛС, ОЛП |

## 10. Реализирани активности на Министерството за надворешни работи

| КПЛП | ПРЕПОРАКА ОД КОМИТЕТОТ НА ООН | АКТИВНОСТИ | ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ | СОРАБОТНИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Член 5, став 6 | Редовна обука на јавни и приватни чинители за КПЛП, недискриминација и разумно прилагодување за лицата со попреченост | - Вклучување на прашањето на попреченост во политиките на работа на МНР | -Прашањето за права на лица со попреченост континуирано се адресира преку внатрешните акти во МНР согласно принципот за недискриминација. | МНР, НКТ | ОЛП |
| Член 9, член 3, член 21 | Обезбедување на пристапност за заедницата на лицата со попреченост | - Проценка за пристапност на објектот на МНР | -Пристапноста до зградата и до лифтовите е делумно адаптирана во однос на физичката пристапност до истите, со напомена дека тоалетите не се согласно стандардите за лица со попреченост. | МНР | |
| Член 33, став 1 и став 2 | Олеснување и поддржување на зајакнување на капацитетот, вклучувајќи размена и споделување на информации, искуства, програми за обука и најдобри практики | - Зајакнување на соработката помеѓу НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост и Меѓуресорското тело за човекови права, чиј Секретаријат е МНР<br>- Размена и споделување на информации за настани | -Континуирано се реализира добра соработка помеѓу НКТ и Секретаријатот на Меѓуресорското тело за човекови права.<br>-продолжува претходно воспоставената пракса на навремено информирање и размена на информации во однос на важни настани и | МНР, НКТ | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | посветени на права на лица со попреченост | прашања околу права на лица со попреченост. | | |
| Член 29, член 27 | Вклучување на лицата со попреченост во работата на МНР | - Создавање на услови за вклучување на лицата со попреченост во работата на МНР | -Принципот за недискриминација е основа во сите законски и подзаконски акти во МНР, што претставува основа за подеднакво вклучување на сите индивидуи во процесот на работата и при вработување во МНР, а одлуката првенствено се донесува врз основа на нивната стручна квалификација и потребни вештини за одредено работно место. | МНР, НКТ | ОЛП |